Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-6292/1
25.07.2014 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 25. 07. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | | Прилог | Вредност |
| 07 2998/1 | | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на член 129 и 131 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 197 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Текст на Нацртот на амандмани на Уставот на Република Македонија, што го утврди на седницата, одржана на 25.07.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Аднан Јашари, министер за правда и Билјана Бришкоска Бошковски, заменик на министерот за правда, а за повереник Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески

Подготвил: Филип Коровешовски
Котролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Тахир Хани

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ТЕКСТ НА НАЦРТОТ
# НА АМАНДМАНИТЕ XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII И XXXIX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јули 2014 година**

# ТЕКСТ НА НАЦРТОТ
# НА АМАНДМАНИТЕ XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII И XXXIX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

## АМАНДМАН XXXIII

1. Бракот е животна заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.
2. Регистрирана вонбрачна заедница, или било кој друг регистриран облик на животно партнерство, е животна заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.
3. Со точката 1 од овој амандман се додава нов став 2 на членот 40 на Уставот на Република Македонија, а со точката 2 се додава нов став 3 на членот 40 на Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXXIV

1. На територијата на Република Македонија со закон се основа меѓународна финансиска зона.

Основањето и организацијата на зоната, правата и обврските на органите на управување на зоната и посебните судски и регулаторни органи, како и решавањето на споровите во рамките на зоната, ќе бидат уредени со посебен акт на зоната.

Во зоната се применува посебна правна регулатива, освен прописите од областа на кривичното право на Република Македонија. Зоната ќе донесе акти со кои ќе се регулира спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам и супервизијата според важечките стандарди на Организацијата на Обединетите Нации.

Даночното, комерцијално – деловното и граѓанското право на Република Македонија нема да се применуваат во зоната. Регулативата во овие правни области ќе биде донесена со акти на зоната, во согласност со највисоките меѓународни стандарди.

2. Со овој амандман се дополнува Одделот II, точка 4 од Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXXV

1.Банката на Република Македонија е централна банка на Република Македонија.

Основна цел на Банката на Република Македонија е постигнување и одржување на ценовната стабилност.

Банката на Република Македонија е независна при постигнувањето на поставените цели.

Банката на Република Македонија е правно лице со функционална, институционална, персонална и финансиска независност чија организација и работа се уредуваат со посебен закон.

2. Со овој амандман се заменува членот 60 од Уставот на Република Македонија.

# АМАНДМАН XXXVI

1. Државниот завод за ревизија е самостоен и независен орган кој врши ревизија на јавните средства.

Собранието на Република Македонија го избира и разрешува главниот државен ревизор.

Условите и начинот на вршење на државната ревизија, надлежностите, организацијата и работата на Државниот завод за ревизија се уредуваат со закон.

2. Со овој амандман се дополнува Одделот II, точка 4 од Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXXVII

1. Владата на Република Македонија ја утврдува фискалната политика во Република Македонија во рамки на утврдени фискални правила и тоа:

-Дефицитот на Буџетот на Република Македонија не смее да надмине ниво од 3% од бруто домашниот производ,

-Јавниот долг не смее да надмине ниво од 60% од бруто домашниот производ.

Владата на Република Македонија може само во исклучителни ситуации да отстапи од утврдените фискални правила и тоа во случај на природни катастрофи и екстерни шокови кои влијаат на загрозување на националната безбедност, здравјето на луѓето или во случај ка значителен пад на реалниот бруто домашен производ.

Настанувањето на исклучителни ситуации го утврдува Собранието на Република Македонија со двотретинско мнозинство.

Владата на Република Македонија е должна за отстапувањата во исклучителните ситуации до Собранието на Република Македонија да поднесе извештај во кој јасно ќе ги наведе:

- причините за отстапувањето од фискалните правила,
- мерки кои ќе ги преземе со цел повторно воспоставување на фискалните правила и
- временски период во кој фискалната политика повторно ќе се спроведува во рамки на утврдените фискални правила.

Утврдените фискални правила ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2017 година.

2. Со точката 1 на овој амандман се додава нов став 2 на членот 91 на Уставот на Република Македонија.

# АМАНДМАН XXXVIII

1. Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Советот го сочинуваат петнаесет члена.

Десет члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, односно што ги предлага претседателот на Република Македонија се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и други истакнати правници.

Мандатот на избраните членови на Советот трае шест години, без право на уште еден последователен избор.

Условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон.

Функцијата избран член на Советот е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на други јавни функции и професии утврдени со закон.

2. Со овој амандман се заменува Амандманот XXVIII од Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXXIX

1. Одлучува по уставна жалба поднесена од физичко или од правно лице, изјавена против поединечен акт или дејствие на државен орган, единица на локалната самоуправа или носител на јавни овластувања со кои се повредуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот, и тоа: еднаквоста на граѓанинот во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко или понижувачко однесување, на казнување и на присилна работа, правото на слободата на човекот, правото на презумпција на невиност и фер судење, слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање, и слободното основање на институции за јавно информирање, слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, сигурноста и тајноста на личните податоци, слободата на вероисповеста, слободата на здружување, правото на собирање и изразување јавен протест, почитувањето и заштитата на приватноста на личниот и семеен живот, на достоинството и угледот, неповредливоста на домот, како и правото на слободно движење, кога се исцрпени или не се предвидени други домашни редовни или вонредни правни лекови за нивна заштита.

2. Одлучува по жалба изјавена против одлука на Судскиот совет на Република Македонија за избор, разрешување, или друга изречена дисциплинска санкција на судија или на претседател на суд.

3. Одлучува по жалба изјавена против одлука на Советот на јавните обвинители за избор, разрешување, или друга изречена дисциплинска санкција на јавен обвинител.

4. Со точка 1 на овој амандман се заменува алинејата 3 на членот 110 на Уставот на Република Македонија, со точката 2 се додава нова алинеја 8 на членот 110 на Уставот на Република Македонија, а со точката 3 се додава нова алинеја 9 на членот 110 на Уставот на Република Македонија.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
# НА ТЕКСТОТ НА НАЦРТ
# НА АМАНДМАНИТЕ XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII И XXXIX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**- Образложение на Амандман XXXIII**

Во функционирањето на уставниот систем на Република Македонија од донесувањето на Уставот на Република Македонија од 1991 година до денес, се наметнува потребата од јасно и прецизно уставно дефинирање на бракот како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

Со Уставот на Република Македонија со членот 40 ставот 1 и 2 е утврдено дека „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон".

Измените на Уставот на Република Македонија ќе овозможат попрецизно дефинирање на брачната заедница, поради што се наметнува потребата од измена на овој член и тоа во насока со кој ќе се утврди дека бракот е заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

Со член 40 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон".

Според член 6 од Законот за семејство е дефиниран бракот и тоа:

„Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и опшеството. Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање".

Според член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е дефиниран бракот и тоа:

„Бракот е заедница на живот исклучиво на еден маж и една жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството".

Со измената на Уставот, оваа правна положба на брачната институција уставно треба да се дефинира како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж, во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

Семејството, бракот, мајчинството, татковството и грижата за децата се меѓу најважните морални обврски. Бракот како заедница е соочен со предизвиците на современото време, обидите за негово редефинирање, деинституционализација и негова постепена маргинализација.

Ова е особено важно ако се има во предвид дека бракот има огромен ефект врз односите во семејството, врз сопружниците и врз децата, а со самото тоа и врз целото општество и вкупните состојби во општеството.

Бракот треба да биде заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж, а целта на бракот е емоционална, духовна, физичка и материјална заедница на мажот и жената, како сопруг и сопруга, во цврста и стабилна меѓусебна заедница, базирана врз принципите на

рамноправност, доверба и взаемна почит, помагање и разбирање, што како вредности се пренесуваат кон идните поколенија, во согласност со правните прописи на државата.

Бракот како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж е составен дел од човечката историја, претставува константа и многувековна традиција на овие простори.

Бракот е еден од основните столбови на општество. Вака дефинираниот брак исклучиво како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж во Уставот на Република Македонија ќе придонесе институцијата брак да биде дополнително афирмирана и промовирана во нашето општество.

Поради исклучителната улога што ја имал во развојот на општествата, бракот станал исклучително значајна форма на правна врска. Моралните, етичките и верските начела на сите религии во Република Македонија го определуваат бракот како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

Од сите овие причини, Република Македонија треба со уставни механизми да ја определи и да ја заштити традиционалната дефиниција за бракот, со јасна поддршка на семејните вредности. На тој начин бракот како заедница ќе биде заштитен, промовиран, афирмиран и јасно дефиниран.

Покрај бракот Република Македонија треба со уставни механизми да ја определи и да ја заштити регистрирана вонбрачна заедница, или било кој друг облик на регистрирано животно партнерство, како животна заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж.

- **Образложение на Амандман XXXIV**

Со предложените измени на Уставот на Република Македонија се предвидува создавање на уставна можност за основање на меѓународна финансиска зона, која би развивала посебна правна и финансиска регулатива по највисоките меѓународни стандарди. Со создавањето на финансиската зона ќе се поттикне развојот на финансиските услуги во Република Македонија преку создавање на услови за привлекување на меѓународни финансиски трговски друштва.

- **Образложение на Амандман XXXV**

Народната банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство. Организацијата и работата на Народната банка се уредуваат со закон.

Целта на измената на Уставот е да се интервенира во називот на оваа институција во насока на нејзино преименување во Банка на Република Македонија и да се редефинира основната цел што треба да ја постигне Банката во согласност со меѓународните стандарди и практики.

Компаративните искуства покажуваат дека називот на оваа институција и целите што треба да ги постигне дефинирани во Уставот не се соодветни, поради што се јавува потребата од менување на називот во Банка на Република Македонија, а основната цел на

Банката во услови на пазарна економија треба да биде ценовната стабилност.

Имајќи ја предвид важноста на основните цели и задачи на Банката на Република Македонија, треба да се утврди дека Банката на Република Македонија има голем степен на независност во однос на политички и други субјекти што се се постигнува со дефинирањето на четирите основни принципи на независност кои се разработени во посебниот закон. Ваквата формулација е во согласност со Статутот на ЕСЦБ и ЕЦБ, Договорот за функционирање на Европската Унија и Договорот за Европската Унија.

- **Образложение на Амандман XXXVI**

Во извештаите на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за Поглавјето 32. Финансиска контрола, во однос на надворешната ревизија се наведува дека „Независноста на ДЗР останува да биде утврдена во Уставот“.

Ова е значајно и од аспект на исполнување на критериумите за отворање и затворање на пристапните преговори за Поглавје 32. Финансиска контрола, утврдени од Европската комисија на 22 јуни 2006 година, каде како критериум за започнување на преговорите е утврдено „Врховната ревизорска институција (ВРИ) да има солидна основа во Уставот и да е регулирана со посебен закон;“.

Предложеното дополнување на Уставот на Република Македонија во однос на Државниот завод за ревизија има за цел да ја зајакне независноста на Државниот завод за ревизија. Имено, стандардите за независноста на Државниот завод за ревизија се

вградени во меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), кои се применуваат во вршењето на државната ревизија во Република Македонија. Согласно ISSAI 1 – Лима Декларацијата, во Делот 5. Независност на Врховните ревизорски институции, е наведено дека:

1. Врховните ревизорски институции може да ја исполнат својата задача објективно и ефективно само ако се независни од субјектите на ревизија и ако се заштитени од надворешни влијанија.

2. Иако државните институции не може да бидат во целост независни бидејќи се дел од државата како целина, Врховните ревизорски институции треба да имаат функционална и организациска независност која е потребна за извршување на нивните задачи.

3. Формирањето на Врховните ревизорски институции и неопходниот степен на независност ќе биде утврдена во Уставот; деталите може да бидат уредени и со закон. Посебно ќе се гарантира соодветна законска заштита против било какво влијание врз независноста и ревизорскиот авторитет на Врховните ревизорски институции.„

Во однос на независноста на избраните функционери на врховните ревизорски институции, во делот 6. на ISSAI 1 – Лима Декларацијата, се наведува:

1. Независноста на Врховните ревизорски институции е нераскинливо поврзана со независноста на нивните членови. Членови треба да бидат оние лица кои донесуваат одлуки за

Врховната ревизорска институција и одговараат за таквите одлуки пред трети лица, понатаму членовите на колегијалното тело кои донесуваат одлуки или шефот (главниот ревизор) на монократски поставената Врховна ревизорска институција.

2. Независноста на членовите исто така ќе биде загарантирана со Устав. Посебно, процедурите за отповикување, кои исто така ќе бидат втемелени во Уставот, не смеат да ја нарушат независноста на членовите. Начинот на назначување и отповикување на членовите зависи од уставната поставеност на земјата за која станува збор.

3. Со оглед на нивната професионална кариера, ревизорите во Врховните ревизорски институции не смеат да бидат изложени на влијанија од страна на субјектите на ревизија и не смеат да бидат зависни од такви субјекти.

Во Нацрт уставниот амандман се предлага самостојноста и независноста на Државниот завод за ревизија да се изгдигне на ниво на уставна категорија. Притоа, заради целосно обезбедување на независноста се предлага Собранието на Република Македонија да го избира и разрешува главниот државен ревизор.

Исто така во наведениот амандман се предлага условите и начинот на вршење на државна ревизија, како и надлежностите, организацијата и работата на Државниот завод за ревизија да се уредат со закон.

- **Образложение на Амандман XXXVII**

Основна задача и предизвик на одговорните и современите Влади е обезбедување на фискална одржливост, односно ефикасно управување со јавните финансии, воспоставување на стабилна фискална позиција на долг рок без да се загрози солвентноста во однос на преземените обврски и плаќањето на расходите.

По примерот на Европските земји, Владата на Република Македонија предлага да се воведат фискални правила кои обезбедуваат:

-рамка за водење на стабилна, предвидлива и одржлива фискална политика;

- зголемување на буџетската дисциплина и одговорност

- зголемување на кредибилитетот на макроекономската политика

- правична и одржлива распределба на расходите помеѓу сегашната и идната генерација корисници на јавни добра

Утвдувањето на фискални правила претставува темел за фискална одговорност, транспарентност и наменско користење на буџетските средства.

- **Образложение на Амандман XXXVIII**

Во Извештајот на Европската комисија за Република Македонија се разгледува прашањето за составот на Судскиот совет, со насоки за изземање на министерот за правда од ова тело.

Во мислењето на Венецијанската комисија по Предлог амандманите од 2005 година, се истакнува дека: „Предложената

реформа е добредојдена, со оглед на тоа дека има за цел да постигне деполитизација на изборот и разрешувањето на судиите. Присуството на мнозинството на судии во Советот е добредојдено ... „

Во однос на учеството на министерот за правда како член во Судскиот совет, во мислењето на Венецијанската комисија по Предлог амандманите од 2005 година е наведено дека: „со цел да се сведе на минимум влијанието на извршната власт, членството на министерот за правда во Државниот судски совет може да биде заменето со право на министерот за правда да присуствува на седниците на Советот или членство без право на глас. „

Предложените решенија за зголемување на бројот на членовите во Судскиот совет од редот на судиите содржани во Нацртот на амандманот се **базираат на меѓународните стандарди во оваа област и на компаративните искуства од државите членки на Европската унија.** Имено, основните меѓународни стандарди во оваа област се содржани во следниве меѓународни документи: Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Препораката на Советот на Европа (94) 12 за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, Препораката на Советот на Европа (2010) 12 за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, Мислењето број 10 (2007) на Консултативниот совет на Европски судии за судските совети, како и Европската повелба за статусот на судиите.

Во Препораката на Советот на Европа (2010) 12 за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, во Главата IV е уредена материјата за судските совети. Имено, во точката 26 е пропишано дека судските совети се независни тела, основани со закон или врз основа на

Уставот, кои бараат да се зачува независноста на судството и на поединечни судии и на тој начин да се промовира за ефикасно функционирање на судскиот систем. Исто така, во точката 27 е наведено дека „***Не помалку од половина од членовите на советите треба да се судии избрани од страна на нивните колеги од сите инстанци на судската власт и со почитување на плурализмот во внатрешноста на судската власт.***"

Во Европската повелба за статусот на судиите е истакнато дека секоја одлука која се однесува на селекцијата, регрутирањето, именувањето, движењето во службата или престанокот на функцијата на судија треба да биде донесена од страна на **независен орган во чиј состав ќе доминираат претставници од судството.**

Во Мислењето број 10 (2007) на Консултативниот совет на Европски судии за судските совети се истакнува дека **судските совети треба да бидат составени или исклучиво од судии или да имаат мешан состав (судии и претставници надвор од судството).** Притоа се нагласува дека доколку судските совети се со мешан состав, задолжително е значителното мнозинство да го имаат судиите кои би биле избрани од нивните редови. Во однос на членовите кои се избираат надвор од судството, во мислењето е истакнато дека тие треба да бидат избирани од редот на истакнати правници и универзитетски професори со долгогодишно искуство.

Компаративната анализа за составот на судските совети во европските држави покажува дека најголемиот број вакви органи се составени од претставници од судството и претставници надвор од судството. Во повеќето европски држави, судските совети имаат

важна улога во именување на судиите. Ова е случај во Ерменија, Азербејџан, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Франција, Грузија, Литванија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија, Шведска, Турција. Само во Руската Федерација и Исланд, Врховниот суд е надлежен за именување на судиите.

Најголемиот број од судските совети во европските држави се составени од судии и претставници од надворешни професии (академици, адвокати, а понекогаш и претставници од Министерство за правда) - Албанија, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Данска, Естонија, Финска, Франција, Грузија, Германија, Грција, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Руска Федерација, Словачка, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција, Северна Ирска, Шкотска и Англија. Само во неколку европски држави судските совети се составени исклучиво од судии (Кипар, Латвија, Литванија).

Генерално, компаративната анализа покажува дека судските совети даваат мислење за именување на судии и јавни обвинители, што во определени случаи е задолжително за формалните власти на кои им е доделена надлежноста за именување на судија или јавен обвинител. Најчесто, оваа формална надлежност е доделена на извршната власт, или на Претседателот (Франција, Унгарија, Литванија, Луксембург, Молдавија, Монако, Романија) или на Владата (Малта, Шведска). Именувањата од страна на законодавната власт се поретки (Србија, Словенија).

Во другите земји, има судски Комисии или совети надлежни за именување (Данска, Финска, Ирска, Латвија, Норвешка, Полска). Мнозинство од овие совети се составени од судии и правни

практичари. Често советите се надлежни за подготовка на предлози за именување. Овие предлози се адресираат до министерствата за правда или парламентите кои се надлежни за формална номинација/именување на судии. Меѓутоа, во Финска именувањето на судиите е во надлежност на Претседателот по препорака од Министерството за правда на номинација од страна на Одборот за судски именувања. Исто така, се забележува дека во Швајцарија, судиите на Врховните кантонски судови и на Федералниот суд генерално се именувани од страна на кантонските парламенти и Федералниот Парламент, додека пак судиите на основните судови се именувани од страна на судиите од Врховните кантонски судови.

Со Амандманот XXVIII во 2005 година е востановен Судскиот совет на Република Македонија како самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Мнозинство во овој орган имаат судиите избрани од самите нив на непосредни избори. Имено, Советот го сочинуваат петнаесет члена. По функција членови се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда, додека осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови од редот на судиите се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Исто така, во Судскиот совет има и тројца членови кои ги избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во

Република Македонија. Покрај наведените членови, во составот на Советот има и два члена кои ги предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Во однос на членовите кои не се од редот на судиите, пропишано е дека членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, односно што ги предлага претседателот на Република Македонија се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и други истакнати правници.

Зголемувањето на бројот на судиите членови на Судскиот совет се предлага заради натамошно јакнење на независноста на судството. Предност на овој модел според кој мнозинството на Судскиот совет се судии избрани од сите судии во Република Македонија има за цел да го оневозможи секое можно политичкото влијание врз судството.

Исто така, предложените измени на уставот имаат за цел да се избегне секоја можна политизација во процесот на избор и разрешување на судиите, со оглед дека судиите избрани од нивните редови ќе бидат побројни во однос на другите членови.

Врз основа на наведеното се предлага редефинирање на составот на Судскиот совет преку зголемување на членовите од редот на судиите избрани на тајни и непосредни избори од судиите. Исто така, се предлага редефинирање на составот на Судскиот совет и во однос на членовите по функција – министерот за правда и Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Со тоа ќе се зајакне независноста и самостојноста на судската власт. Овие измени се предлагаат заради усогласување со меѓународните

стандарди во областа на правосудството кои се преземени во најголемиот број европски држави. Воедно се предлага мандатот на избраните членови на Советот да трае шест години, без право на уште еден последователен избор.

Со наведениот Амандман се предлага Судскиот совет да брои 15 члена. Во него мнозинство од 10 члена би имале судиите, додека претставниците надвор од судството би биле претставени со пет члена.

**- Образложение на Амандман XXXIX**

Со овој амандман се воведуваат две значајни новини во надлежностите на Уставниот суд на Република Македонија:

- уставната жалба и
- да одлучува по жалба на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија за избор на судии, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на судија или на претседател на суд и воведување надлежност за одлучување по жалба на одлуките на Советот на јавни обвинители на Република Македонија за избор на јавни обвинители, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на јавен обвинител

**1. Уставна жалба**

Во Република Македонија не постои институтот уставна жалба. Имено, во надлежностите на Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени и оние кои се однесуваат на

заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Овој институт го имаат воведено повеќе држави. Неговата цел е да се зајакне заштитата на човековите права и слободи дефинирани во Уставот. Во понатамошниот дел од иницијативата е даден компаративен преглед на дел од државите кои ја имаат воведено уставната жалба во нивните правни системи.

Со оваа иницијатива се предлага воведување на надлежност на Уставниот суд на Република Македонија да одлучува по уставна жалба, изјавена против поединечни акти или дејствија на државните органи, единиците на локалната самоуправа или носителите на јавни овластувања со кои се повредуваат основните слободи и права на човекот и граѓанинот кои се однесуваат на: еднаквоста на граѓанинот во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко или понижувачко однесување, на казнување и на присилна работа, правото на слободата на човекот, правото на презумпција на невиност и фер судење, слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање, и слободното основање на институции за јавно информирање, слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, сигурноста и тајноста на личните податоци, слободата

на вероисповеста, слободата на здружување, правото на собирање и изразување јавен протест, почитувањето и заштитата на приватноста на личниот и семеен живот, на достоинството и угледот, неповредливоста на домот, како и правото на слободно движење, кога се исцрпени или не се предвидени други домашни редовни или вонредни правни лекови за нивна заштита. Воедно, со закон ќе биде уредена постапката за поднесување на уставна жалба, која ќе може исклучиво да ја поднесат само физички и правни лица на кои им се повредени претходно наведените слободи и права, како и рокот за поднесување на уставната жалба.

### Уставна тужба во Хрватска

Во Република Хрватска уставната тужба е регулирана со Уставот, Уставниот закон како и со Деловникот за работа на Уставниот суд. Имено согласно членот 125 од пречистениот текст на Уставот на Република Хрватска (од 15 јануари 2014 година) Уставниот суд на Хрватска одлучува по уставни тужби против поединечни одлуки на државните тела, телата на единиците на локалната и подрачната (регионална) самоуправа и на правните лица со јавни овластувања, кога со тие одлуки им се повредени човековите права и темелни слободи, како и правата на локална и подрачна (регионална) самоуправа загарантирани со Уставот на Хрватска.

Делот кој е поврзан со постапката по уставната тужба е уреден со Уставниот закон - пречистен текст (3 мај 2002 година). Во главата со 5 (членови 62 до 80) предвидена е заштитата на човековите права и темелните слободи а членот 62 став 1 предвидува дека секој може да поднесе до Уставниот суд уставна тужба ако смета дека со

поединечен акт на државните тела, телата на единиците на локалната и подрачната (регионална) самоуправа и на правните лица со јавни овластувања со кои се одлучувало за неговите права и обврски, или при сомнение или обвинување за кривично дело, му е повредено човеково право и темелна слобода загарантирана со Уставот, односно уставно загарантирано право на локална и подрачна (регионална) самоуправа.

Уставната тужба може да се поднесе само доколку се исцрпени сите други домашни правни средства предвидени со закон. Доколку е допуштен управен спор, ревизија (во парнична или вонпарнична постапка), се смета дека правото средство е исцрпено откако ќе се одлучи по тие правни лекови (член 62 ст.3). Во случаите кога станува збор за повреда на правото на судење во разумен рок, уставната тужба може да се поднесе и пред исцрпување на правните средства (член 63 ст.1).

Уставната тужба може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на прием на одлуката. Членот 65 ја предвидува формата на уставната тужба (ст.1) како и документацијата која треба да се достави во прилог (ст.2)

Уставната тужба не го одлага извршувањето на оспорениот акт.

По уставната тужба одлучува совет составен од 6 судии (член 68 ст.1). Кога не постојат процесни претпоставки за одлучување по уставната тужба (недопуштена, поднесена од неовластено лице и сл.) по таквата тужба одлучува совет составен од 3 судии. Советот може да одлучува само едногласно и во полн состав. Доколку не се постигне едногласност или доколку советот смета дека уставната тужба има

пошироко значење, по уставната тужба ќе се одлучува на седница на Уставниот суд.

Советот одлучува само по оние наводи за повреда на некое уставно правно кои се наведени во тужбата.

Уставниот суд со решение ќе ја отфрли уставната тужба доколу не е надлежен да постапува, ако уставната тужба е ненавремена, нецелосна, неразбирлива или недопуштена.

Уставниот суд одлучува по уставната тужба со одлука, со која уставната тужба може да се усвои или одбие како неоснована. Доколку се утврди дека уставното право на подносителот на уставната тужба е повредено не само со оспорениот акт, туку и со некој друг акт донесен по тој предмет, Уставниот суд со одлука ќе го укине, целосно или делумно и тој акт.

Одлуката, односно решението го потпишува претседателот на советот (доколку по уставната тужба одлучувал совет) или претседателот на Уставниот суд (доколку по уставната тужба се одлучувало на седница на Уставниот суд), како и судијата известител и советник.

Со одлуката со која се усвојува уставната тужба, Уставниот суд ќе го укине оспорениот акт и предметот ќе го врати на повторно одлучување. При донесувањето на нов акт, органот надлежен за донесување на таквиот акт е должен да го почитува правното мислење на Уставниот суд наведено во одлуката со која се укинал актот.

**Уставна тужба Босна и Херцеговина**

Уставната тужба во Босна и Херцеговина е предвидена со членот ВИ точка 3, под б) од Уставот на Босна и Херцеговина. Постапката по уставната тужба е уредена со Правилата на Уставниот суд, кои согласно овластувањата според Уставот, ги носи самиот Уставен суд. Согласно членот 6 точка 3 б, од Уставот на БиХ, Уставниот суд има апелациона надлежност по прашањата содржани во Уставот, кога тие се предмет на спор поради пресуда на било кој суд во БиХ. Овој институт пред Уставниот суд, претставува последна инстанца на заштита на човековите права и темелни слободи во БиХ.

Уставната тужба (апелацијата) согласно Правилата на Уставниот суд на Бих (донесени на пленарна седница одржана на 23 јануари и 12 февруари 2013 година), може да се поднесе само доколку се исцрпени сите ефикасни правни средства предвидени со закон, и доколку е поднесена во рок од 60 дена од приемот на одлуката на последниот ефикасен правен лек кој што го искористил.

Уставниот суд може да ја разгледува апелацијата и тогаш кога нема одлука од надлежниот суд, доколку апелацијата укажува на сериозни кршења на правата и основните слободи заштитени со Уставот или меѓународните документи кои се применуваат во БиХ.

Апелацијата се поднесува на посебен образец кој е достапен во Уставниот суд или на веб страната на Уставниот суд и треба да ги содржи: Одлуката на судот која се оспорува, одредби од Уставот или меѓународните документи кои се применуваат во БиХ, кои апелантот смета дека му се повредени, наводи и докази на кои се заснова апелацијата, доколку нема одлука, причини поради кои се поднесува

апелацијата, потпис на подносителот и полномошно (доколку подносителот има застапник).

При одлучувањето, Уставниот суд ги има во предвид само оние наводи за повреда кои се наведени во апелацијата.

По апелацијата Уставниот суд одлучува на пленарна седница со мнозинство на гласови од сите судии на Уставниот суд , како и во Голем совет со мнозинство гласови од сите судии (а најмалку 5 судии).

Со одлуката со која се усвојува уставната тужба, Уставниот суд ќе го укине оспорениот акт и предметот ќе го врати на повторно одлучување, освен во случаите кога последиците од кршењето на уставното право можат да се решат на друг начин. При донесувањето на нов акт, органот надлежен за донесување на таквиот акт е должен да го почитува правното мислење на Уставниот суд наведено во одлуката со која се укинал актот. Во определени случаи Уставниот суд може да одлучи и мериторно.

Одлуките на Уставниот суд се конечни и обврзувачки. Европскиот суд за човекови права заклучил дека поднесувањето на апелацијата пред Уставниот суд е ефикасно правно средство кое мора да се исцрпи пред да се поднесе апликација до него.

**Уставна тужба во Словенија**

Институтот „уставна тужба или жалба„ во Словенија е воведен уште со Уставот од 1991 година. Сепак, овој правен лек станува оперативен дури по донесувањето на Законот за Уставниот суд во 1994 година. Пристапот од уставната тужба во Словенија е прилично широк - покрај правата и слободите заграрантирани со Уставот, повод за поднесување на уставна тужба може да претставува секое друго

право загарантирано со ратификуван меѓународен договор. Поднесувањето на уставната жалба не подлежи на судски или било какви други такси. Не постои обврска за ангажирање на правен застапник. Уставна тужба може да поднесе секое физичко и правно лице против поединечен правен акт со кое се одлучувало негови права или обврски. Рокот за поднесување на уставна тужба пред Уставниот суд на Словенија изнесува 60 дена од донесувањето на поединечниот акт, односно припуштањето или спорното сторување. Уставната тужба може да се поднесе по искористување на сите можни правни лекови, а по исклучок и пред искористувањето на ваквите средства, на пример, кога повредата е очигледна.

Во рамките на Уставниот суд функционираат граѓански, кривичен и управен совет. Овие совети, составени од тројца судии, во принцип одлучуваат за допуштеноста на секоја уставна тужба. Како правило, за допуштеноста советите одлучуваат едногласно. Притоа овие совети може да ја прогласат поднесената уставна тужба за недопуштена или за очигледно неоснована. Доколку пак истата го помине прагот на допуштеност, за основаноста одлучува пленарната сеница на Уставниот суд, освен со случаи кога станува збор за уставно прашање за кое Уставниот суд веќе претходно одлучувал. Во овие случи одлуката по уставната тужба може да ја донесе и советот на Уставниот суд. Усните расправи во постапката по уставна тужба иако се можни, во принцип, пред Уставниот суд во Словенија се случуваат ретко. Анализите укажуваат дека судовите на пр. Врховниот суд кој во редовна судска постапка постапувал по конкретен предмет во врска со кој е поднесена уставна тужба ретко се произнесуваат во одговор на истите.

Доколку Уставниот суд констатира повреда на уставно загрантираните права со поединечен акт, Уставниот суд ја укинува спорната одлука и предметот го враќа на повторно постапување на надлежниот орган на пр. Врховниот суд, или орган на управа во зависност од тоа кој ја сторил повредата. Притоа доколку во постапката по уставна тужба, Уставниот суд дојде до заклучок дека поединечниот акт во врска со кој била поднесена уставната тужба е заснован на неуставен закон или подзаконски акт, во постапка која се одвива на маргините на постапката по уставната тужба може да го укине таквиот акт - при што ваквата одлука има erga omnes ефект. Особено е интересно овластувањето кое произлегува од членот 60 од Законот за Уставниот суд, според кое истиот има право да донесе одлука со која ќе се замени спорната одлука која претставува предмет на уставната тужба. Ова преставува особено силен инструмент во рацете на Уставниот суд во ситуации кога се очекува надлежниот орган да манифестира отпор во донесувањето на одлука која би била во линија со онаа на Уставниот суд по повод конкретната уставна тужба. Ваква надлежност на пример нема Уставниот суд во Хрватска, а Уставниот суд на пример во БиХ ја воведе преку Деловникот на Уставниот суд. Сепак важно е да се истакне дека станува збор за овластување и надлежност кое Уставниот суд во Словенија извонредно ретко го употребува (само неколку пати и тоа во исти случаи кои се однесуваат на воени пензии).

**Уставна тужба во Србија**

Во Србија уставната жалба егзистира како посебно правно средство кое може да се покрене против поединечни акти или

дејствија на државните органи или организации кои вршат јавни овластувања, со кое е повредено човеково или малцинско право или слобода кои се загарантирани со Уставот на државата, доколку се исцрпени сите правни средства или не се предвидени други правни средства за нивна заштита или пак со закон е исклучена нивната судска заштита. Уставна жалба пред Уставниот суд во Србија може да поднесе секое правно или физичко лице во рок од 30 дена од доставата на поединечниот правен акт донесен во последна инстанца, односно од започнувањето на дејствието или неговиот престанок, кога предет на уставната жалба се дејствија, при што рокот се засметува од денот на сознанието кое подносителот го стекнал за започнувањето односно престанокот на спорното дејствие.

Уставниот суд на Србија не може да одлучи наместо органот чиј акт или дејствие е предмет на уставната жалба. Тој единствено одлучува за тоа дали во конкретниот случај постои повреда на човековите или на малцинските права и слободи. Уставниот суд кога констатира повреда на правата односно слободите заграантирани со Уставот, одлучува и во однос на начинот на правичното обесштетување. По исклучок, само во случаи кога Уставниот суд констатира повреда на уставно загарантирано право односно слобода, при што не може на друг начин да се отстранат штетните последици од таквата повреда, тој може да укине поништи поединечен правен акт, со што предметот се враќа на повторно постапување. Притоа Уставниот суд може да забрани определено сторување или да нареди определено сторување, како и да определи рок во кој треба да се отстранат штетните последици од настанатата повреда. Кога уставниот суд со одлука ја усвојува поднесената

уставна жалба одлучува дали истата може да претставува основ за надомест на штета.

Кога Уставниот суд ќе констатира повреда и како последица ќе поништи определен поединечен правен акт, тогаш последиците кои настануваат од поништувањето на истиот, доколку тој се однесува на повеќе лица, а само некои од не поднеле уставна жалба, одлуката на Уставниот суд односно нејзиното дејствие се проширува и таа има правна важност и во однос на овие лица, под претпоставка дека се наоѓаат во иста правна ситуација.

По правило, уставната жалба не го задржува извршувањето на поединечните акти во однос на кои е поднесена. Сепак Уставниот суд има надлежниот под одредени услови да го одложи извршувањето на спорниот поединечен правен акт.

Одлуката на Уставниот суд со која е усвоен уставна жалба претставува основа за поднесување на барање за надомест на штета. Ваквото барање се поднесува до Комисијата за надомест на штета, за цел постигнување на спогодба во однос на висината на надоместокот. Доколку Комисијата не го усвои барањето или доколку во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето, Комисијата не донесе одлука, подносителот на уставната жалба може да поднесе барање за надомест на штета пред надлежниот суд.

**2. Редефинирање на надлежноста на Уставниот суд да одлучува по жалба на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија за избор на судии, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на судија или на претседател на суд и воведување надлежност за одлучување по жалба на одлуките на**

**Советот на јавни обвинители на Република Македонија за избор на јавни обвинители, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на јавен обвинител.**

Еден од меѓународните стандарди во сферата на независноста на судството е оној кој гарантира дека при одлучувањето за дисциплинските санкции судијата има право да поднесе жалба до повисока судска институција. Ова е наведено во Мислењето бр. 3 на Консултативниот совет на европски судии, точка 72 и во Европската повелба за статусот на судиите, точка 5.1.

Имено, со предложената иницијатива се предлага воведување надлежност на Уставниот суд да одлучува по жалба на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија за избор на судии, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на судија или на претседател на суд и воведување надлежност за одлучување по жалба на одлуките на Советот на јавни обвинители на Република Македонија за избор на јавни обвинители, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на јавен обвинител.

Со предложената иницијатива се предлага воведување надлежност на Уставниот суд да одлучува по жалба на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија за избор на судии, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на судија или на претседател на суд и воведување надлежност за одлучување по жалба на одлуките на Советот на јавни обвинители на Република Македонија за избор на јавни обвинители, разрешување или друга изречена дисциплинска санкција на јавен обвинител.